ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:14-204/3

Дата: 04.04.2012

ДО
СОЦИЈАЛ ДЕМОКРАТСКА УНИЈА - СДУ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија имаше обврска да изврши ревизија на финансискиот извештај за приходите и расходите, заедно со ревизија на усогласеност на Социјал демократска унија (во натамошниот текст СДУ) на сметката - изборна кампања 2011 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансискиот извештај за сметката - изборна кампања 2011 година на СДУ, бидејќи сметката е отворена пред започнување на изборната кампања во .2011 година.

Законскиот застапник не ги презентираше деловните книги на ревизијата со што изврши ограничување на делокругот на ревизијата.

Поради претходно наведеното ние не изразуваме мислење за финансискиот извештај како и мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај на СДУ се во согласност со релеватната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 1. Вовед

1.1. Државниот завод за ревизија имаше обврска да изврши ревизија на финансиски извештај заедно со ревизија на усогласеност на сметката – изборна кампања 2011 година на СДУ.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај требаше да се изврши согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансискиот извештај за сметката - изборна кампања 2011 година на СДУ, бидејќи сметката е отворена за време на изборната кампања во 2011 година.

1.4. Финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на партијата од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Лазар Еленовски, претседател на СДУ.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај којшто е ослободен од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансискиот извештај од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на СДУ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.
Законскиот застапник не ги презентираше деловните книги на ревизијата со што изврши ограничување на делокругот на ревизијата.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансискиот извештај е изготвен, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансискиот извештај кој требаше да биде предмет на овој извештај, требаше да биде заснован врз финансиски извештај составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Законскиот застапник на партијата не ги презентираше деловните книги на ревизијата со што изврши ограничување на делокругот на ревизијата.

Ревизијата од точка 1.1. погоре беше планирана за периодот од 31.10.2011 до 01.11.2011 и да се изврши од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај не се дискутирани со законскиот застапник на СДУ поради извршеното ограничување на делокругот на ревизијата.

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Државниот завод за ревизија со писмо број 14-822/1 од 28.10.2011 година направи обид да го извести законскиот застапник на СДУ дека е вклучен во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2011 година (финансиска ревизија/ревизија на финансискиот извештај за приходите и расходите на изборната кампања за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 5 јуни 2011 година). Имајки во предвид дека погоренаведеното известување се врати со назнака „иселен", ревизијата превзема дополнителни обиди за контактирање со надлежните и изнаоѓање на деловните простории на партијата но истите не вродија со конкретни резултати, односно партијата е иселена од деловните простории.

На ден 13.06.2011 година до Државниот завод за ревизија доставен е Финансискиот извештај за приходите и расходите на сметката за изборната кампања за 2011 година.

До денот на известување до Државниот завод за ревизија и до ревизијата не се доставени информации за седиштето на партијата и не се доставени потребните документи (деловните книги) со што се изврши ограничување на делокругот на ревизијата. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за државната ревизија и предизвика ревизијата да се воздржи од давање мислење.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење – за финансиски извештај**

Според наше мислење, поради значењето на прашањето изнесени во точката 3.1., ние не изразуваме мислење за финансискиот извештај за приходите и расходите на СДУ за изборната кампања за 2011 година.

**Мислење – за усогласеност со закони и прописи**

Поради ограничувањето на делокругот објаснет во точката 3.1. погоре, ние не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај за приходите и расходите за изборната кампања за 2011 година на СДУ, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 23.03.2012 година